Република Северна Македонија

# Правилник за измена и дополнување на
# Правилникот за начинот на членство во доброволен пензиски фонд

Август 2020

МАПАС
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Врз основа на член 91 став (4), член 94 став (4) и став (5) и член 96 став (4) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 26.08.2020 година, донесе

**Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на членство во доброволен пензиски фонд**

Член 1

Во Правилникот за начинот на членство во доброволен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија"бр.138/2008,74/2010, 134/2010,26/2011, 155/2013, 134/2014 110/2016 и 188/2017) членот 7 се менува и гласи:

"(1) Членот или уплаќачот може еднострано да одлучи уплаќачот да престане да уплаќа средства на доброволна индивидуална сметка.

(2) Во случајот од став (1) од овој член друштвото и членот потпишуваат анекс на договорот за членство, со што членот ќе може да продолжи самиот и/или друго лице да уплаќа доброволен придонес на истата доброволна индивидуална сметка."

Член 2

Во член 11 ставовите (3) и (4) се додава нова реченица која гласи:

"Доколку учесникот е пензиониран член, друштвото ги чува средствата на професионалната сметка."

Член 3

Во член 11-а ставовите (3) и (4) се додава нова реченица која гласи:

"Доколку учесникот е пензиониран член, друштвото ги чува средствата на професионалната сметка."

Член 4

Овој правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01-703/5
27.08.2020 година
С к о п ј е

Претседател на Советот на експерти,
Максуд Али с.р